РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-6913/1
10 -10- 2026 20 год. / viti

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Заедница на единиците на локалната самоуправа
ЗЕЛС
Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale
BNJVL
Бр. - Nr 02-754/1
06.10.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија
Shoqata e komunave Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЗЕЛС - BNJVL
Бр.-Nr. 02-754/1
06.10.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Национален Младински Совет на Македонија
Këshilli Rinor Nacional i Maqedonisë
Бр.-Nr. 03-130/1
01.10 2026 год.-viti
Скопје-Shkup

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

меѓу

Министерство за социјална политика, демографија и млади, со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, застапувано од Ѓоко Велковски во својство на Министер за социјална политика, демографија и млади; (во понатамошниот текст: „Министерството“),

Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија, со седиште на ул. Копенхагенска бр. 5 Скопје, застапувана од Орце Ѓорѓиевски, во својство на Претседател на ЗЕЛС, (во понатамошниот текст: „ЗЕЛС“) и

Национален младински совет на Македонија, со седиште на ул. 29ти Ноември бр.4в Скопје, застапуван од Мариана Ангелова, во својство на Генерален Секретар на НМСМ, (во понатамошниот текст: „НМСМ“)

во понатамошниот текст заедно именувани како „Страните“.

Член 1
Предмет на Меморандумот

Со овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст: „Меморандумот“) се воспоставува рамка за соработка меѓу Министерството за социјална политика, демографија и млади (во понатамошниот текст: „Министерството“), Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС (во понатамошниот текст: „ЗЕЛС“) и Националниот младински совет на Македонија – НМСМ (во понатамошниот текст: „НМСМ“), насочено кон унапредување на координацијата, комуникацијата, размената на искуства и градењето на капацитетите на службениците за млади во единиците на локалната самоуправа.

Соработката е насочена кон воспоставување и развивање на Мрежа на службеници за млади, како механизам за поврзување, поддршка и професионален развој на службениците кои работат на прашања поврзани со младите на локално ниво.

Меморандумот ја утврдува заедничката определба на страните за создавање функционален механизам за поддршка на службениците за млади и не создава финансиски обврски за која било од страните, освен доколку тие не бидат посебно договорени.

Член 2
Цели на соработката

Соработката согласно овој Меморандум има за цел:

1. да придонесе кон воспоставување и одржливо функционирање на Мрежата на службеници за млади;
2. да го зајакне професионалниот развој и капацитетите на службениците за млади на локално ниво;
3. да овозможи континуирана размена на знаења, искуства, практики и ресурси меѓу службениците за млади;
4. да ја подобри координацијата и комуникацијата меѓу централното и локалното ниво во областа на младинските политики;
5. да придонесе кон подобро спроведување на законските и стратешките документи во областа на младите на локално ниво;
6. да поттикне развој и примена на иновативни пристапи и практики во работата со млади и во креирањето и спроведувањето на младинските политики;
7. да придонесе кон поголема видливост и препознавање на улогата на службениците за млади во единиците на локалната самоуправа;
8. да создаде простор за идентификување на предизвици и заедничко изнаоѓање решенија поврзани со работата на службениците за млади;
9. да ја поддржи работата на механизмите за младинско учество (локални младински собранија и локални младински совети) на локално ниво утврдени согласно Законот за младинско учество и младински политики;
10. да ја зајакне соработката меѓу институциите и организациите кои работат на унапредување на младинските политики.

Член 3
Мрежа на службеници за млади

Со овој Меморандум страните ја потврдуваат својата поддршка за воспоставување и развивање на Мрежата на службеници за млади.

Мрежата претставува платформа за поврзување на службениците за млади од единиците на локалната самоуправа, со цел:

- размена на искуства и информации;
- меѓусебна поддршка и учење;
- идентификување и адресирање на заеднички предизвици;
- градење на професионални капацитети;
- споделување на практики и ресурси;
- подобрување на координацијата со релевантните институции;
- заедничко иницирање активности во интерес на младите.

Страните, во рамки на своите законски надлежности, ќе соработуваат при планирање и реализација на:

- годишни или периодични средби на Мрежата;
- тематски обуки и работилници;

- работни состаноци и консултации;
- размена на добри практики;
- истражувања, анализи и проценки на потребите;
- развој на практични алатки и ресурси;
- студиски посети и други форми на меѓусебно учење;
- јавни настани и активности за промоција на улогата на службениците за млади;
- други активности од заеднички интерес.

Страните во рамки на своите законски надлежности, ќе соработуваат при утврдување на годишен план на активности за Мрежата.

За секоја конкретна активност страните можат дополнително да се договорат за начинот на реализација, распределбата на одговорностите и обезбедувањето на потребните ресурси.

Член 4
Обврски и придонес на Министерството

Министерството, во рамки на своите надлежности и расположливи ресурси, ќе:

1. придонесува кон развојот и функционирањето на Мрежата на службеници за млади;
2. обезбедува релевантни информации за политики, стратешки документи, законски измени и други процеси од значење за работата на службениците за млади;
3. учествува во активности за градење на капацитетите на службениците за млади;
4. придонесува кон подобрување на комуникацијата и координацијата меѓу централното и локалното ниво;
5. поддржува размена на добри практики и искуства;
6. учествува во заеднички активности, согласно своите надлежности и расположливи ресурси.

Член 5
Обврски и придонес на ЗЕЛС

ЗЕЛС, во рамки на своите надлежности и расположливи ресурси, ќе:

1. придонесува кон воспоставување и развивање на Мрежата на службеници за млади;
2. го поддржува поврзувањето и вклучувањето на единиците на локалната самоуправа во активностите на Мрежата;
3. придонесува кон идентификување на потребите и предизвиците со кои се соочуваат службениците за млади на локално ниво;
4. овозможува споделување на информации и добри практики меѓу единиците на локалната самоуправа;
5. придонесува кон организирање на средби, обуки, работилници и други активности за службениците за млади;

6. поддржува комуникација и координација меѓу единиците на локалната самоуправа и другите страни на Меморандумот;
7. учествува во заеднички активности, согласно своите надлежности и расположливи ресурси.

Член 6
Обврски и придонес на НМСМ

НМСМ, во рамки на својата експертиза и расположливи ресурси, ќе:

1. придонесува кон развивање и координирање на активностите на Мрежата на службеници за млади;
2. придонесува со експертиза во областа на младинската политика, младинското учество и младинската работа;
3. поддржува развивање и спроведување на активности за градење на капацитетите на службениците за млади;
4. придонесува кон развој и споделување на алатки, методологии, ресурси и добри практики;
5. поддржува воспоставување механизми за меѓусебна размена и учење меѓу службениците за млади;
6. придонесува кон идентификување на потребите и предизвиците на службениците за млади и нивно адресирање преку соодветни иницијативи;
7. учествува во подготовката и реализацијата на заеднички активности согласно своите капацитети и расположливи ресурси.

Член 7
Координација и комуникација

За обезбедување на континуирана комуникација и координација, секоја страна ќе определи контакт-лице.

Контакт-лицата ќе комуницираат редовно и ќе разменуваат информации релевантни за спроведувањето на овој Меморандум.

Страните можат да одржуваат координациски состаноци по потреба, а најмалку еднаш годишно, со цел да го разгледаат напредокот во спроведувањето на Меморандумот, да ги идентификуваат предизвиците и да ги утврдат приоритетите за понатамошна соработка.

Член 8
Финансиски аспекти

Овој Меморандум не создава директни финансиски обврски за страните.

Секоја страна ги сноси сопствените трошоци поврзани со реализацијата на активностите согласно овој Меморандум, освен ако за конкретна активност не биде поинаку договорено со посебен писмен договор или друг соодветен акт.

Страните ќе соработуваат преку меѓусебна поддршка при обезбедувањето на меѓународни фондови и програми.

Член 9
Видливост и комуникација

Страните ќе соработуваат во промовирањето на активностите реализирани согласно овој Меморандум.

При јавно комуницирање на заеднички активности, страните ќе обезбедат соодветно наведување на учеството на сите страни и употреба на нивните визуелни идентитети согласно нивните интерни правила и процедури.

Член 10
Следење и евалуација

Страните ќе соработуваат во следењето на спроведувањето на Меморандумот и ќе разменуваат информации за реализираните активности и постигнатите резултати.

По потреба, страните можат заеднички да спроведат проценка на функционирањето на Мрежата на службеници за млади и да предложат мерки за нејзино понатамошно унапредување.

Член 11
Измени и дополнувања

Овој Меморандум може да се измени и дополнува со писмена согласност на сите страни.

Измените и дополнувањата ќе се сметаат за составен дел на Меморандумот од денот на нивното потпишување од страна на овластените претставници на сите страни.

Член 12
Времетраење и престанок

Овој Меморандум се склучува за период од пет (5) години од денот на неговото потпишување.

Меморандумот може да биде продолжен со писмена согласност на сите страни.

Секоја страна може да го раскине Меморандумот со писмено известување до другите страни најмалку 30 дена пред датумот на престанок на неговото важење.

Престанокот на Меморандумот нема да влијае врз активностите кои се веќе започнати, освен ако страните поинаку не се договорат.

Член 13
Завршни одредби

Меморандумот стапува во сила со денот на неговото потпишување од страна на овластените претставници на сите три страни.

Меморандумот е составен во три (3) еднакви примероци, по еден за секоја страна.

Склучен во Скопје, на 01.10.2026 година.

За Министерството за социјална политика, демографија и млади

Ѓоко Велковски

Министер за социјална политика, демографија и млади

Потпис: _____

За Заедницата на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС

Орце Ѓорѓиевски

Претседател на ЗЕЛС

Потпис: _____

За Националниот младински совет на Македонија – НМСМ

Мариана Ангелова

Генерален Секретар на НМСМ

Потпис: _____